Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 149

Март 2025 г.

цена 20 денари,

**Со проф.д-р Емилија АРСОВА, деканка на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип**

## Знаењето е најмоќната алатка во интелектуалната војна



Quehenberger logistics

AKTIVA

ДЕУС ОПТИК
СИТЕ ВИДОВИ НА ДИОПТРИСКИ И СОНЧЕВИ НАОЧАРИ И БЕСПЛАТНО КОМПЈУТЕРСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ДИОПТРИЈА

Стоматолошка ординација ПЗУ Прим. Д-р Благој Ников




*Д-р Владко Захариев, директор на Клиничка болница Штип*

## Нашата Клиничка болница беше клучна алка за справување со повредените во кочанската дискотека





## Марија ДАНЕВА: Кога настана пожарот во дискотеката сите мислеа дека тоа е дел од шоуто

## ПОЧИВАЈТЕ ВО МИР

Иван Бојаџиски



# Децата влегоа во стапица 13 години подготвувана да убие

Кочанската трагедија кога во дискотеката Пулс згаснаа животите на над шеесеттина млади и на возач на кочанската брза помош е убиство од прв степен. Убиство подготвувано 13 години при што само се чекало на моментот кога неодговорноста на мноштво одговорни, а дебело платени лица за тоа што не го работеле како што требало, си дојде по крвавата наплата.

Од се што досега видов, прочитав, лично дознав, оваа тнр. „дискотека“, била на ниво на стапица која привлекувала многу млади, главно од Кочани и регионот. Надворешно „дискотеката“ личи на штала, внатрешно била лакирана за да личи на нешто кое може да врши некаква дејност од сверата на забавата. Но, сите материјали во неа биле лесно запалливи.

На газдата на дискотеката поентата на постоењето на неговото „место за забава на младите“ биле парите. Како и на секој бизнисмен...Но, едно момче кое ја преживеало стравотната кочанска ноќ, на медиум со национална фреквенција рече дека кога настанал пожарот сопственикот се затрчал кон излезот со вреќа полна пари за да си ја спаси неговата заработка, притоа оставајќи ги неговите „муштерии“ на милост и немилост на огнот кој се ширел и отровниот чад од него кој доаѓал од лесно запалливите материјали во дискотеката.

„Да гориш во пеколот“!

Така му напишаа голем број граѓани и јасно ставија до знаење, како јавност, што мислат за таквите (не)луѓе.

Но, што во сите овие 13 години работеле надлежните сеуште не е познато. Дали некој ја контролирал вистинската дејност на Пулс? Ако таа била регистрирана како кабаре, тогаш тоа го отвора прашањето дали некој инспектор воопшто влегол во објектот за да провери како и што всушност работи „дискотеката“. Ова прашање е важно бидејќи има голема разлика помеѓу едното и другото. Да работел објектот како кабаре, за што бил регистриран, до големата трагедија немало да дојде.

А, имено.

Кабаре е уметничка инсталација во која, на сцена, се појавуваат актери (глумци) во колоритна облека, актери кои на сцената играат сатирични текстови и танцуваат. Тоа е всушност форма на забава која вклучува комедија, песна, танц и театар, и се изведува најчесто во собиралишта како што се ресторани и **ноќни клубови**, при што публиката седи на маси (често јадејќи и пиејќи) и ужива во изведбата. Тематиката во кабарето најчесто варира од политичка сатира до лесна забава.

Дали таква била програмата која се изведувала во Пулс? Секако дека не. Пулс бил регистриран како кабаре само поради законската можност да работи три-четири часа подолго во длабоката ноќ отколку што тоа законот го дозволува за дискотеките и со тоа газдата да заработува повеќе пари. Значи, одново доаѓаме до парите.

Но, за овој момент не се води истрага.Никој не го поставува прашањето зашто цели 13 години, никој не забележал дека тнр. „дискотека“ работи нелегално и од аспект на нејзината вистинска дејност за која имала дозвола да биде отворена. Повторно да нотирам дека, ако Пулс работел во дејноста за која бил регистриран, трагедијата во таа кочанска штала немаше да се случи.

Сега сакам да го доловам и прашањето за нашата навика надзорот на местата на кои се собира поголема маса на луѓе, и со тоа тие места стануваат потенцијална закана за големи можни трагедии, да го вршиме само откако ќе ни се случи нешто налик на кочанскиот пекол како најголема трагедија во историјата на постоењето на нашата држава. Зошто властите дури по изгубените шеесеттина млади животи и 200 повредени девојќи и момчиња, тргнаа во големата акција за проверка на тоа како работат собиралиштата на младиот свет во нашава држава? Зошто тоа не било пракса на сите власти во изминатите 13 години? Зошто превентивата, преку извршување на службените обврски за работа за која се зема плата, не им била на прво место на мноштво институции и раководни лица во нив? Зошто проверката на условите за работа на вакви места не била нивна светост, а требало да биде баш тоа?

***Никој не го поставува прашањето зашто цели 13 години, никој не забележал дека тнр. „дискотека“ работи нелегално и од аспект на нејзината вистинска дејност за која имала дозвола да биде отворена. Ако Пулс работел во дејноста за која бил регистриран, трагедијата во таа кочанска штала немаше да се случи. Ќе одговара ли некој што совесно не си ја вршел работата што доведе до смрт на 60-на млади луѓе? Ај да видиме...***

Семејствата кои ги изгубија своите најмили ќе живеат во болка до крајот на своите животи. Народот вели „да не си им во нивната кожа“. Но, не сум сигурен дека нам нема да ни се случи некој нов пекол со уште потрагични последици во кои, секој од нас, може да се најде во кожата на семејствата кои во кочанската трагедија ги изгубија децата на чија убава иднина ја градеа личната и семејната среќа.

Зашто ако нема правда за загубената младост на Македонија, ако таа правда не биде испорачана преку жестоки казни за одговорните, тогаш ние и не заслужуваме да се нарекуваме држава.

# ШТИП се прости од Таневски, Ивановски, Стевановски, Коларов и Ефремов

Во апсолутна тишина, со голема тага и солзи во очите, Штипјани се простија од Дамјан Таневски, Филип Ивановски, Филип Стевановски, Александар Коларов и Александар Ефремов, млади луѓе кои загинаа во стравотниот пожар во кочанската дискотека Пулс.

Колоните ужалени луѓе беа долги пред соборниот храм „Свети Никола", црквата „Успение на пресвета Богородица" и црквата „Света Троица" во кои беа изложени телата на загинатитите. Штипјани положуваа свежо цвеке и палеа свеќи во нивна чест.

Двајца од починатите во пожарот- Филип Стевановски и Александар Коларов беа баџанаци, а и двајцата свиреа во бендот ДНК, Дамјан Таневски кој имаше само 18 години штипјани го познаваа како талентиран фудбалски голман, Александар Ефремов беше присутен на сите настапи на бендот како нивен официјален снимател, а Филип Ивановски излегол жив и здрав од дискотеката но се вратил да спасува некоја девојка но при тој обид паднал и починал.



Загинатите беа погребани на Градските гробишта во Штип со почести од високи свештени лица на МПЦ-ОА, а редот од градот до Градските гробишта го чуваа голема група полицијаци, а присутни, за секој случај беа и луѓе од итната медицинска помош при Здравниот дом и волонтери на Црвениот крст на Штип.

СОЛИДАРНОСТ

# Трагедијата во Кочани и светската солидарност

Кочанската трагедија го обиколи светот. Толку млади животи згаснаа во само една ноќ. Шеесеттина млади момчиња и девојчиња кои отишле во дискотека ((Пулс) да се забавуваат, онака како што и личи на секоја младост, не се вратија во прегратките на најмилите, на своите семејства. Тоа светот не можеше, а да не го забележи. Репортажи од местото на трагедијата направија и најголемите медиумски куки на земјината топка како Си–Ен-Ен (CNN) американска кабелска мрежа за вести и Би-Би-Си (BBC), британска радиодифузна корпорација.




На жалост, Македонија се најде и во најрепрезентативните светски медиуми по нешто лошо. Нас по добро ретко не третираат во вака високопозиционирани светски медиуми. Но, сепак, оваа трагедија ни покажа колку светот може да биде обединет, сложен и солидарен во услови на вака големи трагедии. Десеттина држави ги понудија своите болници и најдобрите доктори да ги лечат настраданите од пожарот кој ја пеплоса кочанската дискотека, јасно ставајќи до знаење дека трошоците за лекување ќе ги сноси домицилната држава на односната болница. Дел од овие држави порачаа дека обезбедуваат бесплатен престој на членовите на семејствата чии најмили беа на лекување во Србија, Бугарија, Литванија...




И бројни поединци преку социјалните мрежи ја искажаа својата човечност нудејќи престој во своите домови или хотелски објекти на семејствата на настраданите. Најголем дел од нив порачаа дека ги сносат и сите трошоци за престојот.

Подолу донесува неколку објави на социјалните мрежи:

**Д-р Владко Захариев, директор на Клиничка болница Штип**

# Нашата Клиничка болница беше клучна алка за справување со повредените во кочанската дискотека



Д-р Владко Захариев

Трагедијата во кочанската дискотека Пулс дополнително ја стави во фокусот на јавноста и штипската Клиничка болница која е од регионален карактер, а нејзиниот персонал, од доктори специјалисти, преку медицински сестри и болничари, се грижат за доброто здравје на 250.000 граѓани. Нашата болница ургентно прими околу 80 млади лица повредени во стравотниот пожар во дискотеката. Тоа нам ни беше повод за интервју со д-р Владко Захариев, директор на Клиничката болница.

**❍ Д-р Захариев, во времето кога се договаравме за ова интервју се случи трагедијата во дискотека во Кочани. Клиничка болница, според некои наши информации, згрижила околу 80 повредени во стравотниот пожар во дискотека. Тоа е голема бројка, па како организациски и стручно се справивте со ситуација каква, верувам, до сега не сме ја имале во нашата болница?**

-Така е, темата за ова интервју, беше друга, но за жал, се случи тоа што се случи, голема трагедија што нема време што би можело да помине и да се заборави. Нашата болница, КБ Штип, беше прва на удар за иницијалното справување со ситуацијата после Кочани. Земајќи во предвид големината на кочанската болница, штипската беше клучна алка во справувањето со ситуацијата првиот ден, поточно првите 10 до 12 часа, и според мене, и целиот друг персонал, се справивме адекватно.

**❍ Мислам дека јавноста треба да знае за тоа како течеше операцијата на транспорт, прифат и третман на настраданите млади луѓе? Со оглед дека се работи/работеше за изгореници и последици од вдишување чад, имаме ли ние во нашата Клиничка специјалисти кои ќе умеат да третираат вакви последици?**

-Првиот повик, и аларм за случката го добив околу 03 часот и 20 минути од директорката на кочанската болница. Веднаш по моето пристигање, по десет минути, во приемниот оддел, започна и првото пристигање на повредени. Пристигнувањето на повредени, со секоја минута се зголемуваше. Доаѓаа пациенти со потешка клиничка слика, пациенти со полесна клиничка слика, пациенти со болнички возила, пациенти со цивилни возила. Тешки одлуки, што во прв момент додека не беа мобилизирани сите вработени беа на мој терет и терет на дежурните лекари што се затекнаа во моментот.

Јавноста треба да знае дека Македонија има центар за изгореници доволен за бројот на жители, што ги има на годишно ниво. Ниту една држава и светот нема таков центар со таков капацитет што би можел одеднаш да згрижи толкав голем број на пациенти како во овој случај. Македонија е член на кризниот штаб на изгореници на ниво на Европа, и оваа организација што ја видовме во нашиот случај, би функционирала и за ваква хаварија во било која од европските држави.

**❍ Дали веднаш по дознавање за трагедијата сите доктори, сестри, болничари експресно се појавија на своите работни места? Вие сте најодговорна личност како директор за организацијата, па како се одвиваше таа?**

По повикот за мобилизација на вработените, сите одговорија совесно, одговорно навремено, и по нивното пристигнување и увид во општата состојба, се вклучија во процесот на тријажа и лекување на пациентите, слушајќи наредби без никакви примедби. Во оваа прилика сакам да искажам голема благодарност за нивната ажурност и совесност.

**❍ Што ни покажа овој тежок случај за капацитетот на болницата која е од регионален карактер и за капацитетот на персоналот (доктори, сестри, болничари) да можат да се справат со вака масовна бројка на пациенти на кои помош им е потребна ургентно.**

Оваа ситуација, не научи сите нас, дека секој

граѓанин во ова општество си има своја улога, а улогата на здравствените работници е доста важна, и не е за потценување. Никој не знае кога ќе му притреба помош. За капацитетот, со добра организација и рационализација, се постигнуваат дури и невозможни резултати. Штип одговори без забелешка за приемот на пациенти, но ова ни е и испит каде што сите ја увидовме потребата од здравствени работници. Во здравството нема место за импровизација и алтернатива.

**❍ Постојано се говори дека во нашата Клиничка недостигаат доктори-специјалисти од разни профили – анестезичари, гинеколози, хирурзи и не знам што друго, како денес стои работата од овој аспект? Се подобрува ли таа слика, и ако фалат специјалисти колку фалат и од кои специјалистички насоки...**

Во краток период, можеби и кога ќе се ипсечати овој број, веќе ќе има оглас за вработување на лекари на специјализација, за наша радост.Бројот на лекари кои ќе бидат примени на работа во Клиничка ќе биде некаде околу дваесет.Точно е дека имаме недостиг, но не може да се дефинира точен број што би бил задоволителен, но јасно е дека со што поголем број на вработени, ќе имаиме подобар квалитет во услугите. Бројот на вработени е пропорционален со квалитетот на услугата и бројот на услуги што се нудат.

**❍ Не недостигаат само доктори туку и други медицински персонал како сестри и болничари...Постои ли надеждека Клиничка ќе биде пополнета и во однос на празните места во оваа сфера, посебно со оглед на нејзиниот регионален стастус?**

-Самата девиза “цело е кога се има се”, кажува дека за задоволни пациенти и персонал, освен лекари, потрбен е и другиот персонал- сестри, болничари, физиотерапевти, лаборанти, хигиеничари и друг помошен персонал. Наша цел и цел на централната власт, е задоволување на недостатоткот во даден рок. Периодот нема да биде краток, но со континуирано вработување и едукација со тек на време тој проблем сметам дека ќе го решиме. Со самото пополнување на недостатокот и приматот регионален центар,ќе ја добива правата смисла.

***Оваа ситуација, не научи сите нас, дека секој граѓанин во ова општество си има своја улога, а улогата на здравствените работници е од исклучителна важност. Никој не знае кога ќе му притреба помош. Со добра организација и рационализација, се постигнуваат дури и невозможни резултати***

**❍ И најспособниот специјалист е немоќен да го даде најдоброто од себе ако болницата не поседува соодветна опрема, апаратура... Вие сте кратко време на оваа важна функција, набавивте ли некои нови апарати, што е тоа што фали во Клиничка и какви се Вашите визии тоа што ургентно од апаратура треба да се набави...**

-Вашата констатација е на место. Самата болница има одличен кадар секако којшто е едуцариран долги години наназад. Апаратурата, којашто ја наследив голем дел беше нефункционална и несервисирана. За овој краток период, сервисирани се апаратите за гастроскопија, колоноскопија, апаратот за стрес тест, во два наврати сервисирана магнетната резонанца- во моментот е во функција, рентген апаратот во ортопедија- пациентите веке не патуваат за Скопје поради оваа причина. Сервисирани се сите апарати на физикалната терапија, сите апарати на анестезија и интензивно лекување. Наредните месеци, ќе се набават и други апарати за непречено работење на болницата.

***По повикот за мобилизација на вработените, сите во болницата одговорија совесно, одговорно навремено, и по нивното пристигнување и увид во општата состојба, се вклучија во процесот на тријажа и лекување на пациентите, слушајќи наредби без никакви забелешки. Во оваа прилика сакам да искажам голема благодарност за нивната ажурност и совесност, вели Захариев.***

**❍ До неодамна имаше една лоша слика во кругот на Клиничка, при секој дожд секоја педа од патиштата во болничкиот круг беше со изобилство на кал, една би рекол непристојна за ваква институција слика, како денес стоите по ова прашање?**

-Прв контакт на пациентите со болницата е самиот влез и пристап. Тоа е тој прв впечаток кај секој граѓанин што се стекнува во првите неколку минути. Тоа е примарната цел што требаше да се промени во нашата болница. Неколку години наназад заедничка цел и идеја со градоначаникот ни беше, подобрување на пристапот и достоинствен изглед на болницата. Со овој чекор, ја подобривме таа перцепција, следните чекори што ги планираме, како ургентен центар, и модуларната боница како центар за пациентите во Мој термин. Планови што се планирани да се изведат оваа година.

**❍ Новата клиничка болница никако да се доизгради. Многу ветувања се дадени во минатото, а малку е направено таа да се стави во функција. Ако имате нови информации како течат работите и кога можеме да очекуваме нејзино пуштање во употреба?**

-Моите скромни информации, се дека се преговара интензивно во откочување на процесот на продолжување на работата на новата болница. Верувајте, некој којшто најмногу сака нејзина изградба сум токму јас, бидејќи јас сум алката помегу власта и народот, јас сум тој пренесувач на веста дека болницата ќе се изгради. Со добра енергија ке се изгради, и штипјани и регионот ќе бидат горди како на новата болница така и на добрата организација и персоналот што ќе работи во неа за доброто на сите.

# Марија ДАНЕВА: Кога настана пожарот во дискотеката сите мислеа дека тоа е дел од шоуто...

Големата трагедија во кочанската дискотека Пулс која одзеде 62 животи на млади луѓе нема да се симне од јавната сцена зашто болката за изгубените млади животи, од кои петмина се од нашиот град, кај сите во Македонија е преголема. Меѓу бројните сведоци на настанот е и познатата пејачка, штипјанката Марија Данева која со својот бенд била на настанот кој ја шокира јавноста.

-Таа вечер имавме настап со мојот бенд во кафуле во Кочани, кое беше во сопственост на истиот газда што ја имаше и дискотеката Пулс. По настапот, решивме да отидеме во дискотеката, пред сѐ за да ги поздравиме и испочитуваме нашите колегиод ДНК кои настапуваа таму. За жал, токму тогаш се случи катастрофата — избувна пожарот и започна борбата за живот во таа трагична вечер… Никој не можеше да претпостави дека токму таа ноќ ќе се претвори во една од најцрните точки во нашите животи, вели Марија на почетокот од разговорот за Штипски Глас.

. Бендот со кој настапува Марија ширум Македонија се вика Stand By и е составен од музичари од различни градови. Дарко Спировски е гитаристот, Александар Авукатов свири бас гитара, Сашо Стојановски е тапанарот.

- Во Кочани  настапувавме често во кафулето Класик во сопственост на истиот газда кој е сопственик и на дискотеката Пулс. Во Класик ние имавме редовни свирки. Така беше и таа вечер. По настапот си ги собравме инструментите и околу два часот по полноќ сите заедно, цел бенд, заминавме во дискотеката Пулс. Сакавме само да ги поздравиме колегите што настапуваа таму, без да претпоставиме дека само неколку минути подоцна ќе се случи нешто толку трагично, посочува нашата соговорничка.

Во дискотеката Марија затекнала полна сала во која со полн капацитет се чувствувал младешкиот живот преку една многу позитивна енергија.

-Кога стигнавме во Пулс, групата ДНК веќе беше започнала со настап. Атмосферата беше навистина жива, полна со енергија – типична младешка дискотечна вечер. Имаше многу народ, млади лица, не би знаела да кажам точна бројка, но беше преполно. Сите беа расположени, имаше мал милион насмевки, видов многу прегрнати лица, сите пееја заедно со групата, младите навистина се забавуваа. Сѐ изгледаше како една преубава вечер, каде никој не ни помислуваше дека за само неколку моменти, сѐ ќе се промени и ќе се случи голема трагедија, коментира уметничката Данева.



*Данева со групата Stand Bu*

Кога влегле во Пулс, Марија и сите од бендот застанале веднаш до бината. Сакале само да ги поздрават и испочитуваат колегите од ДНК.

- По неколку минути ми пријде братучетка ми, која исто така беше таму со нејзиното друштво, и ме повика да дојдам на нивната маса. Им реков на колегите: „За брзо се враќам“, и заминав со неа на нејзината маса која беше подалеку од бината, во вториот ред. Само што застанав покрај масата се случи сето тоа. Одеднаш, сѐ се претвори во хаос. Го забележав пламенот веднаш – буквално веќе беше над мојата глава. Се појави одеднаш, како светлосен ефект, па многумина не сфатија веднаш дека станува збор за вистински пожар. Публиката прва реагираше – некој од присутните им довикна на ДНК дека одозгора гори. Тогаш Панчо ја крена главата, го виде пламенот и веднаш реагираше, повикувајќи сите да излеземе надвор.

Сè се случи за неколку секунди, но тие моменти ми се врежани во сеќавањето засекогаш, вели Марија.

Таа вели дека кога се појавил пламенот, многумина веднаш не сфатиле што се случува.

-Многумина мислеа дека тоа е дел од шоуто и не реагираа веднаш. Но, кога пламенот се прошири и стана јасно дека станува збор за вистински пожар, настана паника и сите во брзаница појдоа кон единствениот излез. Тие моменти беа хаотични и страшни. Ситуацијата стана сериозна и настана огромна паника. Сите почнаа да викаат и да се туркаат, обидувајќи се да излезат што побрзо. Бидејќи имаше само една врата, се создаде метеж, што дополнително ја влоши ситуацијата. Во хаосот што настана, успеав да ја фатам братучетка ми за рака и да бидеме меѓу првите што излеговме. Ги оставивме чантите на маса, немавме време да мислиме на нив, во пожарот изгоре мојата чанта со личните документи, парите и се друго во неа, а исто изгоре и чантата на братучедка ми. Спасувавме жива глава. Сепак, излегувањето беше отежнато поради огромната толпа која се туркаше кон единствениот излез. Сите беа исплашени и се обидуваа да избегаат што побрзо, што ја направи ситуацијата уште похаотична. Пожарот се прошири многу брзо. Некако излегов надвор, видов  густи облаци од чад кои излегуваа од дискотеката, што укажуваше дека огнот се проширил и достигнал висок интензитет. Се чувствуваше силен мирис на изгорено, а воздухот беше густ и тежок за дишење. Тие моменти беа исполнети со страв и неизвесност, додека се обидувавме да се оддалечиме што е можно подалеку од местото на несреќата, раскажува Марија за настанот.

***Го забележав пламенот веднаш – буквално веќе беше над мојата глава. Се појави одеднаш, како светлосен ефект, па многумина не сфатија веднаш дека станува збор за вистински пожар. Со братучедка ми ги оставивме чантите на маса, тие изгореа во пожарот, а во нив изгореа и сите мои лични документи, пари и се друго, а исто изгоре и ташната на братучедка ми. Спасувавме жива глава...***

За Марија тоа биле најстрашните моменти во животот. Иако успеала да излезе навреме, нејзините мисли биле насочени  кон колегите кои останале внатре но и кон сите кои биле во дискотеката која горела.

- Се плашев за безбедноста на музичарите од мојот бенд, и се прашував дали успеале да избегаат навреме, бидејќи сé во дискотеката беше хаотична и многу опасна. Однадвор со страв ја следев ситуацијата надевајќи се дека сите ќе успеат да излезат живи и здрави. Прв излезе Сашо (тапанарот), кој беше добро и не му се случило ништо, но останатите двајца, Дарко (гитаристот) и Александар (басистот), многу покасно излегоа. Тој момент беше вистински хорор, чекаш да излезат, а не ги гледаш, а и не можеш да ги добиеш на телефон. Во еден момент се појави Дарко, кој беше повреден и имаше изгореници. Сашо веднаш со колата го однесе во болницата во Кочани, а јас останав да го барам другиот колега (Александар).По доста време, конечно и тој излезе жив но имаше изгореници. Тогаш се врати Сашо, па веднаш го качивме Александар во кола и тргнавме за болницата во Штип, каде му беше дадена потребната нега, укажува соговорничката на Штипски Глас.

Марија вели дека во тие моменти се молела за сите во дискотеката да бидат добро..

***Во дискотеката имаше многу народ, млади лица, беше преполно. Сите беа расположени, сјаеја мал милион насмевки, сите  пееја заедно со групата ДНК, младите навистина се забавуваа. Сè изгледаше како една убава вечер, каде никој не ни помислуваше дека за само неколку минути ќе настане пекол, ќе се случи голема трагедија.***

-Ни за миг не помислував дека трагедијата ќе биде толку голема, деке ќе загинат толку многу невини души во цветот на младоста, момчиња и девојќи пред кои беше животот. Само се надевав дека сите ќе излезат на сигурно иако имаше многу туркање, многу луѓе беа на земја, а ситуацијата беше вистински хорор. Не бев внатре во најголемиот хаос, фала му на Бога, но надвор, пред дискотеката беше вистинско стампедо.

Бев во голем шок, како и многу други кои се спасија и од безбедно ја следеа драмата. Фала му на Господ, сега сум добро, но се плашам дека тие сцени засекогаш ќе останат во мојата глава, иако знам дека мора да продолжам понатаму со животот. Пред се, најважно е да се вратат сите кои се повредени и по разни болници, меѓу кои се и мои колеги. Во иднина пред моите настапи детално ќе проверувам дали се исполнети сите безбедносни услови во објектот зашто тоа е примарна цел за сите кои се собираат да не следат, да се забавуваат и да уживаат.

Ја користам приликата на сите повредени да им посакам брзо закрепнување и да си се вратат кај своите семејства, да продолжат со своите животи и да се обидат да најдат мир во својата душа по големата трагедија што ја имаат доживеано, порача **Марија Данева** на крајот од разговорот за нашиот весник.

# Отворен и кариерен ден на УГД: Млади од цела Македонија во потрага по кариерни можности

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип беше домаќин на Отворениот и кариерен ден, кој привлече голем број студенти и средношколци од цела Македонија. Настанот, организиран во соработка со Стопанската комора на Македонија и Општина Штип, понуди можност за вмрежување, запознавање со студиските програми и директен контакт со компании од различни сектори.

„Денес ги комбинираме можностите за студентите да ги истражат своите кариерни патишта, додека нашите потенцијални студенти добиваат подетални информации за студиските програми. Имаме преку 40 компании од речиси сите сектори – од финансии и фармација до производство, а присутни се и ученици од цела Македонија. Универзитетот станува атрактивен не само за регионот, туку и за целата држава“, изјави ректорот на УГД, проф. д-р Дејан Мираковски. Тој додаде дека многу од компаниите веќе на лице место нудат стипендии и можности за вработување.



***- Многу млади во потрага по можности преку студирање на УГД***

Настанот беше шанса за младите да се поврзат со бизнис-секторот и да ги согледаат перспективите за кариера во Македонија. Јелисавета Георгиева-Јовевска од Стопанската комора на Македонија истакна:

„Сакаме да ги смениме бројките на одлив на млади луѓе и кадар во високоразвиените земји. Организирајќи вакви настани, можеме да го задржиме најважниот фактор што создава дополнителна вредност – човечкиот капитал. Ова е одлична можност за вмрежување и создавање нови конекции. Стопанската комора со години е вклучена во образованието, а сега сакаме да делуваме и со локалната заедница, заедно со Општина Штип“.



***Изјава за настанот дадоа ректорот Мираковски и градоначалникот Јорданов***

Градоначалникот на Штип, Иван Јорданов, ја нагласи улогата на УГД во локалната економија: „Морам да бидам искрен и да кажам дека УГД е иднината на младите, на бизнис-секторот и на Општина Штип. Задоволство ми е што преку овој ден младите и студентите можат заедно со претставниците на компаниите и на универзитетот да ги согледаат своите можности. Мене ми е драго што Универзитетот и младите луѓе ја јакнат локалната економија во Штип“.

Студентите и средношколците што присуствуваа на настанот изразија воодушевување од понудените можности. Константин Хубрев, студент на Факултетот за медицински науки, рече: „Ова за мене значи една голема можност. Разговорот со компаниите и професорите е навистина од големо значење. Овие настани можат да нè мотивираат да останеме во Македонија, бидејќи е јасно дека Универзитетот прави многу за да ни отвори идни работни места“.

Средношколката Елена Ристова од училиштето „Саба“ додаде: „Овој настан го гледам како одлична шанса за сите средношколци што сакаат да го продолжат своето образование на УГД“.

Отворениот и кариерен ден на УГД уште еднаш потврди дека со заеднички напори на академската заедница, бизнис-секторот и локалната самоуправа, младите во Македонија можат да најдат можности за образование и кариера дома.

Инаку, УГД има 12 факултети и три академии и над 70 студиски програми преку кои студентите добиваат меѓународно признати дипломи.

**(Игор Стојанов)**

**Со проф.д-р Емилија АРСОВА, деканка на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип**



# Знаењето е најмоќната алатка во интелектуалната војна

Месецов во хотелот Мајбери во Свети Николе, во организација на Комората на органски производители од Куманово и Меѓународен славјански универзитет Свети Николе-Битола, се одржа првата меѓународна агро бизнис научна конференција „Агромак 2025“ во чиј епицентар беше темата за поврзувањето на науката со праксата во земјоделското производство. На конференцијата учествуваа научници од речиси сите екс југословенски држави, меѓу кои и академик од Србија кои настапија со над дваесеттина свои трудови. Меѓу учесниците беше и проф.д-р **Емилија Арсова**, деканка на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Арсова имаше обраќање кое го привлече вниманието на присутните што беше наш повод за овој актуелен разговор.

**➢Деканке Арсова, Вие на конференцијата на еден посебен начин го дефиниравте земјоделското производство. Кажете ни нешто за тоа.**

-Земјоделското производство е една благородна и жива професија во која секогаш мораме да бидеме будни, одговорни и навремено да реагираме. Потребата од храна секојдневно расте и секогаш си посакуваме добро здравје, мирна работа и доволно вкусна и здрава храна за задоволување на нашите потреби во текот на денот. Само нахранет ум и тело може да работат без притисок и стрес. Само тогаш ќе го дадете максимумот од себе.

**➢Ако е така како што го дефинирате земјоделието, тогаш и од самата конференција се наметна прашањето за значењето на ваквите конференции?**

-Научните конференции имаат една клучна идеја и заедничка мисла: спој на науката и земјоделската пракса со цел меѓусебно да споделиме информации, знаења, искуства и начини на надминување на проблемите со кои секојдневно се соочуваме. Само благодарение на ваквите синергични поврзувања на кои како високо образовна институција интензивно работиме во изминатите го- дини, ќе ја оствариме заедничката наша цел, а таа е да успееме да воспоставиме континуирана и цврста комуникација и соработка, помеѓу научно – истражувачката и практичната дејност во земјоделскиот сектор во нашата држава, со соседните држави, така и пошироко на меѓународно ниво.

Овие релации ќе бидат реални и продуктивни само преку взаемен трансфер, на новите научни резултати, технички решенија и достигнувања во одделни области од земјоделството, со препораки и насоки за нивна апликативна примена во земјоделската пракса.

**➢Колку на оваа состојба е посветен факултето со кој вие раководите?**

-Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип од своето постоење до денес, континуирано креира можности за соработка, научни истражувања и вмрежувања, се со цел унапредување на сознанијата стекнати во академските средини. Само со заедничка и тимска работа можеме да направиме напредок, промени и подобрувања но во исто време ќе придонесеме да значењето на земјоделското производство го добие своето заслужено место во нашата држава а особено да го зголемиме интересот за изучување на земјоделското производство од страна на младите. Науката е динамична и развојна, и нашиот факултет и универзитет доследно го следат патот на неограничените можности во истражувањата.

**➢Кој е придонесот на научната конференција одржана во хотелот „Мајбери“ во Свети Николе?**

-Јавноста треба да знае дека секоја наука има свое значење и вредност во општествениот систем, но сепак посебно место со непроценливо значење има земјоделското производство. Преносот на знаења на научните конференции е од огромно значење за поврзување на институциите, компаниите, со создавање на услови за собирање на многу нови знаења и предизвици, а на тој начин се раѓа мотивација и инспирирација. Кога луѓето се инспирирани лесно ги преминуваат границите, доживуваат нови искуства и прават необични и големи работи. Оваа потреба беше во сржта на конференцијата „Агромак 2025“.

**➢Што е со студентите кои се определиле да се образуваат во земјоделските науки?**

-Добро прашање зашто ние и во оваа прилика не треба да ги заборавиме и нашите ценети и драги тековни и идни студенти, бидејќи факултетите и универзитетите се формирани и функционираат пред сѐ за нив и тие се есенцијалниот и централен интерес за факултетот, а воедно се и важна алка меѓу факултетите и јавноста. Само преку квалитетни и соодветни студиски програми во кои се вклучени наставни тематски единици соодветни на најновите научни и технолошко технички достигнувања, како и барањата на пазарот на трудот, ние можеме да обезбедиме високо стручен агрономски кадар кој лесно ќе добие работно место.

Знаењето е најмоќното оружје кое никој не може да ви го земе ниту да го оспори. Најмоќната алатка во интелектуалната војна. Затоа се стремиме постојано да се надградуваме себеси, да ја одржуваме конекцијата со агро-бизнис секторот и како високо-образовна институција да создаваме генерации кои со гордост ќе се носат со називот дипломиран земјоделски инженер.

# „Алказар енерџи“ и ИФЦ потпишаа договор за развој на ветерниот парк Штип

„Алказар енерџи партнерс“ (AlcazarEnergyPartners – АЕП), соопшти дека потпишале договор со Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ), членка на Групацијата Светска банка за пристап до средства за развојна поддршка за фаза еден од ветерниот парк Штип, најголемиот проект за ветерна енергија во Северна Македонија.Со договорот се зајакнува посветеноста на двете страни за мобилизација на приватен капитал за одржлива инфраструктура на стратешки растечки пазари, се вели во соопштението.

„Церемонијата на потпишување се одржа на маргините на Самитот за ЕСГ Адриа во Порто Монтенегро и присуствуваа високи претставници на Владата на Северна Македонија, заедно со Тим Шихан, виш директор во АЕП и Патрик Авато, менаџер за енергија и инфраструктура во Европа при ИФЦ. Првата фаза од проектот за ветерниот парк Штип ќе започне со изградба во текот на оваа година. Вкупниот инсталиран капацитет, по завршувањето на сите фази, ќе изнесува околу 400 MW. Проектот, кој ќе обезбеди чиста и сигурна енергија за над 100.000 домаќинства и ќе намали до 690.000 тони ЦО2 годишно, претставува значаен чекор кон зајакнување на енергетската безбедност и целите за обновлива енергија на Северна Македонија, се вели во соопштението од АЕП.

Вкупната инвестиција се проценува на 500 милиони евра. Даниел Калдерон, ко-основач и управувачки партнер во „Алказар енерџи партнерс“, изјави дека очекуваат со проектот да испорачаат трајна вредност за заедницата.

„Нашето континуирано партнерство со ИФЦ е клучно во напредокот на ветерниот парк Штип. Заедно, не само што ја унапредуваме енергетската транзиција, туку и ја поддржуваме економската развојна и долгорочната енергетска безбедност. Очекуваме да испорачаме проект што ќе донесе трајна вредност за заедницата и ќе ги зајакне одржливите амбиции на Северна Македонија“, изјави Калдерон.

АЕП моментално напредува со деталниот дизајн на проектот и ангажира водечки инженери, еколошки, правни и социјални советници за да обезбеди усогласеност со највисоките меѓународни стандарди.

Ветерниот парк Штип е првиот проект на АЕП во Северна Македонија и ја одразува стратегијата на компанијата за проширување во Западен Балкан, каде што веќе има стекнато портфолио од 1,5 GW на зелени проекти за ветерна и соларна енергија, кои ги поддржуваат националните цели и глобалните климатски заложби.

Патрик Авато, менаџер за инфраструктура и енергија во Европа при ИФЦ, изјави:




***Првата фаза од проектот за ветерниот парк Штип ќе започне со изградба во текот на оваа година. Вкупниот инсталиран капацитет, по завршувањето на сите фази, ќе изнесува околу 400 MW. Проектот ќе обезбеди чиста и сигурна енергија за над 100.000 домаќинства***

„ИФЦ и ‘Алказар енерџи партнерс’ имаат изградено стратешко партнерство повеќе од една деценија, соработувајќи на развој на одржливи енергетски проекти во земји во развој. Ветерниот парк Штип е природно продолжение на оваа соработка, насочена кон зголемување на пристапот до достапна и чиста енергија – суштинска за економска конкурентност и раст. Освен што ќе ја зајакне енергетската безбедност на земјата, проектот ја одразува и посветеноста на ИФЦ за поддршка на одржливи енергетски решенија што ги исполнуваат меѓународните стандарди и придонесуваат за праведна енергетска транзиција во регионот“, изјави Авато.

# Рудникот САСА со систем за рано предупредување од потенцијални опасности

Директорот за Центарот за управување со кризи (ЦУК), Стојанче Ангелов и генералниот директор на Рудник Саса, Кристофер Колбурн го потпишаа документот кој ги утврдува процедурите за соработка, координација и комуникација помеѓу оваа институција и рудникот. Со ова, новиот систем за рано предупредување на Рудник Саса и официјално стана дел од националниот систем за тревожење.

Покрај останатите технички елементи, новиот систем за рано предупредување на Саса вклучува и звучни уреди (сирени) поставени на неколку стратешки локации утврдени со експертска студија. Неговата примарна цел е преку звучни сигнали навремено да ги извести сите, вклучувајќи ги и жителите на населбите во близина на рудникот, како и оние кои живеат по течението на Каменичка река и во градот Македонска Каменица, за потенцијални опасности предизвикани од различни причини и природни непогоди кои можат да го загрозат живот и здравјето на луѓето и материјалните добра. Заради контрола на исправноста на системот предвидено е повремено вклучување на сирените, што ќе се врши согласно утврдените протоколи и во координација со ЦУК. За терминот и времетраењето на ваквите проверки жителите на општината Македонска Каменица ќе бидат навремено известени преку медиумите и други начини за информирање.

„Сведоци сме дека рудникот Саса во изминатиот период вложил многу во современа опрема и во имплементација на најдобри индустриски стандарди и практики наменети за намалување на ризиците од инциденти и кризни ситуации кои можат да го загрозат животот, здравјето и безбедноста на вработените, како и на населението во околината на рудникот. Новиот систем за рано предупредување на Саса, кој од денеска и официјално станува дел од националниот систем за тревожење, секако е дел од ваквите напори на компанијата, кои се за поздравување и претставуваат добар пример што треба да го следат и другите компании и институции во земјата“, изјави директорот на ЦУК **Стојанче Ангелов**, при посетата на контролниот центар за далечинско управување со системот во Саса.

Покрај останатите технички елементи, новиот систем за рано предупредување на Саса вклучува и звучни уреди (сирени) поставени на неколку стратешки локации утврдени со експертска студија. Неговата примарна цел е преку звучни сигнали навремено да ги извести сите, вклучувајќи ги и жителите на населбите во близина на рудникот, како и оние кои живеат по течението на Каменичка река и во градот Македонска Каменица, за потенцијални опасности предизвикани од различни причини….




***Од состанокот во рудник Саса***

„Горди сме на тоа што нашата општина е прва во нашата земја која има функционален систем за рано предупредување од елементарни непогоди.Заедно со противпожарната кула која неодамна беше направена и ставена во функција, овој систем ќе овозмо- жи рано откривање на потенцијалните ризици по безбедноста на луѓето и материјалните добра, што во голем број случи е пресудно при справувањето со кризни ситуации предизвикани од различни елементарни непогоди“, истакна градоначалникот **Димчо Атанасовски**, заблагодарувајќи се на рудникот Саса за неговата поддршка и вложувањата во реализација на овие проекти.

Инсталирањето на овој систем во Саса се одвиваше паралелно со имплементација на Глобалниот индустриски стандард за управување со јаловишта (GISTM), креиран од страна на Меѓународниот совет за рударство и метали и Програмата за животна средина на Обединетите Нации, со крајна цел – нула штета за луѓето и животната средина.

„Овој современ систем за рано предупредување е само една од многуте активности и проекти во кои инвестиравме за да обезбедиме највисоко ниво на безбедност, што е приоритет број еден во Саса. Токму грижата за луѓето, за нивната безбедност и благосостојба, заедно со заштитата на животната средина и просперитетот на локалната заедница, претставуваат основа за нашиот одржлив развој. Затоа ние во Саса, благодарение на поддршката од групацијата ЦАМЛ каде припаѓаме, и понатаму ќе продолжиме со реализација на ваков вид иницијативи, доследно почитувајќи ги националните регулативи и глобалните индустриски стандарди и принципи на одговорно рударство“, истакна генералниот директор на Рудник Саса, Кристофер Колбурн.

Од вклучувањето кон групацијата Централ Азија Металс (ЦАМЛ) во ноември 2017 година, рудникот Саса инвестираше над 80 милиони долари во современа рударска опрема, дигитализација на техничките процеси, реализација на капитални проекти, подобрување на безбедноста, подигнување на стандардите и условите за работа во рудникот, како и во професионалниот развој на вработените, потврдувајќи ја со тоа својата посветеност на одржливото рударство.

# Филип беше ураган од љубов

**➲ Трогателна комеморација во чест на Филип Стевановски, директор на НУЦК „Ацо Шопов“ кој смртно настрада во стравотната трагедија во кочанската дискотека Пулс**

Јас денеска нема да кажам збогум, туку благодарам за се’, за секој совет, за секој тон и споделен момент. Ќе ја продолжиме неговата мисија и неговиот добар дух за да ја пренесуваме музиката на идните генерации. Сето она што ти го беше замислил,








*Ангелов: „Ти беше ураган од љубов кој несебично се излеа во секој од нас. Не само кај нас Филип, туку и кај публиката која го почувствува твојот дух и повторно ги наполни салоните. Се врати надежта, вербата. Си простивме како мали деца кога ќе разберат дека единствениот начин да продолжиш е да бидеш заедно во тим, а тимот беше се́ за тебе*

нема да престане“, рече Илија Ќосевски, директор на ДМУЦ „Сергеј Михајлов“ на комеморацијата посветена на Филип Стевановски, кој повеќе години работеше во музичкото училиште, а кој смртно настрада во големата трагедија во кочанската дискотека Пулс.

Комеморацијата заеднички ја приредија Државното средно музичко училиште „Сергеј Михајлов“ и Народниот театар како дел од Националната установа – Центар за култура „Ацо Шопов“ каде Стевановски беше в.д.директор..

Ќосевски рече дека Филип Стевановски бил музичар со голем талент, со силна посветеност и исклучитена љубов кон музиката.

„Филип неуморно ги пренесуваше своите знаења, мотивирарќи ги младите музичари да ја откријат убавината на звукот, дисциплината на изведбата и длабочината на изразот“, посочи Ќосевски.

Актерите од ШНТ со посебен пиетет зборуваа за Стевановски како човек, како педагог и како директор на НУЦК „Ацо Шопов“.

„Ти беше ураган од љубов кој несебично се излеа во секој од нас. Не само кај нас Филип, туку и кај публиката која го почувствува твојот дух и повторно ги наполни салоните. Се врати надежта, вербата. Си простивме како мали деца кога ќе разберат дека единствениот начин да продолжиш е да бидеш заедно во тим, а тимот беше се́ за тебе. Патувај драг Филипе, патувај, летај и знај ти навистина го направи светот поубаво место за живеење. Ти благодариме за секој поминат момент со тебе, за се што не научи, бидејки ни го покажа патот по кој треба да се движиме“, во името на колективот при ШНТ рече актерот Милорад Ангелов.

Стевановски свиреше клавијатури со ДНК кога изби пожарот во дискотеката „Пулс“ на 16 март 2025 година. Тој потекнува од Куманово, а на 24 јануари годинава беше избран за нов директор на Центарот за култура „Ацо Шопов“ во Штип, каде што живееше и работеше. Средното образование го заврши во музичкото училиште „Илија Николовски-Луј“ во Скопје. Беше семеен човек и татко.

За Филип беше речено дека бил комплетен музичар – продуцент, пијанист, тромбонист и композитор, магистар по џез науки, а пред да биде назначена за в.д.директор на НУЦК „Ацо Шопов“ беше во редовен работен однос како професор во Државниот музички училишен центар (ДМУЦ) „Сергеј Михајлов“ – Штип.

На комеморацијата говореа и Марјна Стревановски, таткото на Филип како и неговиот прв братучед Илија Волчевски, актер во теататарот во Прилеп.



# Пишувањето е еден вид голема возбуда, силно вдахновение...

**д-р Блаже Китанов**

За своето книжевно творештво говори проф.д-р Блаже Китанов

**➢Кажете ни нешто за вашето рано детство. Прашањето ни е што како дете сонувавте да бидете во животот.**

Во рана младост сакав да бидам стоматолог, но не можев да се запишам во Скопје, па се запишав гимназија. Веќе од втора година најмногу го сакав македонскиот јазик со литература, за што во 1971 година, кога бев четврта година, ме прогласија за ученик на генерацијата, награден со 500 тогашни динари. Во 1968 година почнувам да пишувам поезија - песни, членувам во гимназискиот литературен клуб под водство на проф. Асен Дојчинов. Како гимназијалец втора година учевствувам со песна на анонимен конкурс на „Карамaнови средби“ во Радовиш. 1968 / 1969 година за песната насловена **Жар од пепел и** ја освојувам втората награда со паричен износ од 8.000 динари. Во 1969 година, во Студентски збор, ја објавувам првата песна под наслов **Таа.** 1971 – 1975 година завршувам Филолошки факултет во Скопје, насока **југословенска книжевност и македонски јазик.**

**➢Кои писатели во раното детство ја уживаа Вашата доверба? Кои литературни дела би им ги препорачале на денешните деца?**

Во младоста најголема доверба кај мене ја имаа Достоевски, Балзак, Виктор Иго, а од поетите Жак Превер, Лорка, Есенин и други. Сега е добро да се читаат дела од Оркан Памук – турски писател (нобеловец).

**➢Кога го напишавте прво литературно дело а кога ја објавивте првата книга?**

Првата моја книга е „Од пејзажот кон човекот“, тоа е мојот магистерски труд одбранет 1984 година, а објавена 1987 година.

**➢Во што наоѓате инспирација кога пишувате? Како се одвива вашиот процес на пишување и творење? Што е потешко за писателот, да го напише почетокот на книгата или крајот?**

Повеќе имам пишувано книжевна критика од поезија. Пишувањето е еден вид голема возбуда, силно вдахновение, творечки процес во кој треба целосно да се соживеете. Јас пишувам со срце и од срце без импровизации. Целосно се поистоветувам со содржината на авторите кои ги анимирам и коментирам, вреднувам итн. Не е ништо лесно, многу е тешко да се почне, а потоа како да сте влезени во воз во кој патувате, а тоа значи пишувате и повторно и повторно се навраќате за да конечно воздивнете со една езелтација. Секое пишување е борба со себе си и со светот во кој навлегувате.

**➢Дали сѐ уште се радувате на книга како подарок? Дали го знаете бројот на книги во Вашата библиотека? Кога би требало да земете само една книга со себе на пуст остров, која книга би била тоа?**

Посебно сум задоволен кога остварувам контакт со нова книга, нов автор, а во домашната библиотека имам над три илјади книги и списанија. Тешко е да се издвои книга, но сепак ќе ја издвојам поезијата на Шопов, а посебно збирката „Стихови на маката и радоста“ и „Песна за црната жена“.

**➢Кога ќе погледнете зад Вас, што сфативте дека е најважно во животот, дали е тоа можеби љубов, здравје или нешто сосема трето?**

Љубовта е најважна во животот, без љубов нема здравје и сето тоа е поврзано едно со друго.

**Пишуваат:**

**Тодор Џидров и м-р Јована Рилак, библиотекари**


ФЛИПНИ
И УЖИВАЈ
СТОБИ ФЛИПС


KitGomarketi
КУМАНОВО
ПРОБИШТИП
СКОПЈЕ
М. КАМЕНИЦА
ДЕЛЧЕВО
КОЧАНИ
ПЕХЧЕВО
ШТИП
ВЕЛЕС
БЕРОВО
РАДОВИШ
НЕГОТИНО
СТРУМИЦА
КАВАДАРЦИ
ГЕВГЕЛИЈА
КИТ-ГО Маркети
Вкусно
Baron
ТЕРА
Donna

Во македонска болница има две дијагнози:
– Ништо не ти е!
– Што си чекал до сега?

Донеле влаинка во итната медицинска помош и докторот ја прашал:
– Пак вие? Вчера ве спасивме затоа што сте јаделе отровни печурки, а денес?
– Исто, синко. Останаа од вчера, па реков да не ги фрламе.

Детето на влав завршило осмо одделение со највисоки оценки,
а таткому го зема од училиште и му вели:
-Браво сине, одличен си, тато ќе те чести, сега ќе те водам во слаткарница да видиш како децата јадат сладолед!

Влав со цигла скршил излог на златарница и украл злато.
Полицијата го фатила кога се вратил да си ја земе циглата од излогот.

Трпана му се дере на Трпе:
– Уште еднаш кажи ми дека сум крава, се разведувам од тебе. А, сега си легнувам, нозете ме болат од работа.
– Не се нозе Трпано, копита се...

Во Кавадарци…
– Извинете каде се продава ракија ?
– Црквата ја гледаш ли ?
– Да
– Епа сегде освен во неа!

Трпе ја прашува Трпана:
– Жено, кој ти е овој што на секоја објава ти става срце?
– А, па тоа ми е кардиологот.

Трпана му ѕвони на Трпе:
– Не сум нешто добро, мислам дека имам температура!
– Одма доаѓам, што да ти земам?
– Штикли.

Маж на каса во продавница:
– Дајте ми едно чоколадо и десет презервативи.
Касиерката:
-За едно чоколадо толку пати нема да ти дадат..








Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ, писател

# ГЕНЕРАЦИИ

Годината 1974 ја напуштивме старата куќа, маалото покрај реката и се вселивме во станот на плоштадот „Слобода". Таа година претставник на Евровизија од СФРЈ беше „Корни група" со мелодијата „Моја генерација", автор Корнелије Ковач.

Песната говореше за генерацијата родена во вителот на Втората светска војна, поточно во 1942 година. Се родила во тешки услови, но со ослободувањето на земјата од фашизмот, расте, работи и ги чува своите деца во мир и благодет.

Од настапот на Евровизијата се издвојуваше интерпретацијата на Златко Пејаковиќ како и гардеробата на членовите на бендот. Сите беа облечени во црни смокинзи. Од денешен аспект гледано (поминати педесет и една година) можам да кажам дека изгледаа така отмено облечени како што беа Роберт Плант и Џими Пејџ (изгледаа како светци) на доделувањето на високото признание за постигнатите резултати во рок музиката.

* * *

Се сеќавам татко ми скокна од креветот од каде постојано ја следеше програмата на тогашната ЈРТ, а потоа и РТС. Застана покрај телевизорот и рече: „Браво бе деца, така се претставува татковината. Види само како убаво изгледаат, како убаво се облечени и како убаво пеат. Со ваква младина СФРЈ има иднина!"

* * *

Стиховите од песната „ Мене мајка ми ме роди/ да сонувам за слободата/ во првата ноќ да слушнам звуци/ да плачам со рака на усните /... Мојата генерација од 42 . добро ги избутка бурните денови...Сега е времето сосем друго /и пат свој секој има/... се повеќе сакам да знам каде живеам, пијам, пеам / каде е сега мојата генерација од 42" станаа синоним за слободната мисла и широките потези на младата генерација. По дваесетина и нешто години Ѓорѓе Балашевиќ со песната „Сметајте на нас" малку снисходливо, но сепак младешки храбро, пренесе порака која требаше да ја смири недовербата во оние кои се желни, кои сакаат да знаат каде живеат и за што треба да бидат подготвени. „Се сомневаат некои дека не носи погрешен тек/ бидејќи слушаме песни и свиреме рок. А во нас е пламенот на битките и ви велам што добро знам/Сметајте на нас!"

* * *

Мојата генерација (1960 ) како да станувала индолентна на прашањата кои ги поставуваа и темите кои ги обработуваа во своите песни низ стиховите Балашевиќ , „За кој живот треба да се родам/ за кој суден ден/" на Дадо Топиќ „Јас сум тежок како коњ/ јас имам петстотини милиони!" или „Златен папагал/ ние не сме снобови" на Електрични оргазам. Како да и' беше досадила секоја тежина на заедничкото живеење, па лесно, масовно ги прифаќаа средствата и методите кои светот ќе им го прикажат низ розевите стакла на очилата.

За српот и чеканот не сакаат да знаат. Усилено низ масовни акции ги заменуваа за ученички книшки и индекси. За да не бидам погрешно сфатен ќе кажам дека не сум против образованието, но изрично сум против запишувањето во средните училишта и на факултетите само да се добие статус на ученик, односно студент.

Во гимназиите имаше по три-четиринаесет класа. Средните стручни училишта беа образовни институции за оние кои немаа намера да станат академски граѓани. Во високото образование факултетите за општествени дејности стенкаа од бројноста на студентите.

На правниот факултет во 1978 година, мислам дека се запишаа илјада студенти. Сигурно не помалку на економскиот. Резултатите од студирањата беа никакви. Покрај работничката класа, онаа на црвената буржуазија се појави и трета, класата на вечните студенти.

Така мојата генерација во друштво со Лепа Брена и „Слатки грех" дотурка до распадот на СФРЈ. Се распадна Федерацијата, а тие како само да чекаа српот и чеканот да ги претворат во братоубиствени оружја.

* * *

Од она што го гледам и слушам сега во независна Македонија, се повеќе верувам дека од брашното во крвта ниту една генерација не може да се отараси, најмалку оваа која на оние кои најмногу продонесоа за нивната апатија, индолентност кон сите општествени пtрашања, се извинува –„Простете повеќе нема да имам собири и нема да држиме говори!"

***П.С. Ако некој најде маана на напишаното нека ми прости, ова повеќе нема да се случи!***




Пишува:
Роберт Аџипетров

# Колку се добри основните училишта во Штип?

Штип е образовен центар на истокот, дом на Универзитетот „Гоце Делчев“ кој пак го носи името на еден од најголемите даскали и револуционери на Македонија, светол лик кој своите учителски денови ги поминал токму во нашиот град. Дали врз основа на овие зборови можеме да тврдиме дека нашите училишта се едни од најдобрите во државата? Дали Штип може да се пофали со едни од подобрите основни училишта и што покажуваат резултатите од последното ТИМСС тестирање во кое беа вклучени и основни училишта од нашиот град.

ТИМСС (TIMSS – Trends in International Mathematics and Science Study) е интернационална студија во која се мерат трендовите во знаењата и способностите на учениците по математика и природна група предмети (физика, хемија, биологија, географија). Во последното тестирање спроведено во месец април и мај 2023, во вкупно 58 држави во светот, од Република Македонија беа вклучени 150 училишта со 4633 ученици од четврто одделение. Во реализацијата на последното ТИМСС тестирање, од нашиот град беа вклучени вкупно четири основни училишта.

Резултатите од спроведеното тестирање покажаа дека Македонија се наоѓа на 44 местото во полето на математика со просечен резултат од 474 и на 48 местото со просечен резултат од 439 во полето на природни науки. Интернационалниот просек во полето на математика е 503 што значи дека заостануваме со 29 поени во овој дел, додека во полето на природни науки 494 што ни носи заостанување на државно ниво од 55 поени.

Постигнатите резултати на државно ниво се загрижувачки во поглед на интернационалниот просек, но за да дадеме одговор на прашањето колку се добри училиштата во Штип потребно е да ги анализираме остварените резултати на локално ниво. За да се избегне јавно фаворизирање на некое од основните училишта, секое од нив ќе го означиме со буква од азбуката па така: училиштето А постигнало 518 поени во делот на математика и 485 во делот на природни науки, училиштето Б постигнало 539 во делот на математика и 515 во делот на природни науки, училиштето В постигнало 514 во делот на математика и 492 во делот на природни науки и училиштето Г постигнало 381 во делот на математика и 353 во делот на природни науки. Споредувајќи ги постигнувањата на локално ниво со државниот просек, можеме да заклучиме дека 3 од вкупно 4 тестирани училишта во нашиот град можат да се пофалат со повисоки резултати од просечно остварените во Македонија. Доколку оваа анализа се направи во однос на интернационалниот просек, може лесно да се заклучи дека три училишта во полето математика имаат постигнувања повисоки од оние што се просечни на светско ниво, додека пак едно од нив значително го надминува и глобалниот просек во полето на природните науки, а останатите две не заостануваат со многу.

Успехот на училиштата во Штип е уште поголем доколку во предвид се земат неколку ограничувачки фактори со кои истите се соочуваат во претходниот временски период. Во споредба со азиските држави кои се на самиот врв на ова тестирање и каде опременоста на училиштата е на завидно ниво, во нашите училишта уште зборуваме за потребата од имплементирање на СТЕМ лаборатории, кои за жал сеуште се желба која стои само на хартија. Ограничениот човечки потенцијал и недостатокот на обуки исто така е ограничувачки фактор. Впрочем денес е навистина предизвик да се ангажира соодветен наставен кадар, а постоечкиот многу тешко доаѓа до потребните обуки за дополнително себеусовршување.

***Од направената кратка анализа со сигурност можеме да кажеме дека нашите основни училишта и покрај многубројните предизвици имаат резултати на кои треба да се гордееме.***

Од направената кратка анализа со сигурност можеме да кажеме дека нашите основни училишта и покрај многубројните предизвици имаат резултати на кои треба да се гордееме. Ова дава една нова слика на работата на основните училишта и е потребно да се искористи како поттик за понатамошни силни инвестиции во воспитно-образовните установи во нашиот град. Фактот дека имаме резултат за пофалба е доказ дека несомнено располагаме со потребниот потенцијал, а дополнителна инвестиција во истиот би значело ништо друго, туку создавање на идни генерации и една нова иднина за Штип и Македонија.

**(Авторот е директор на Педагошка служба при Министерство за образование и наука)**

# Две книги од Пане Кукушев од областа на нумизматиката




**Г-дин Кукушев издадовте две книги во кои ја раскажувате приказната за валутите, кованиците, сертификатите и платежните средства во 20 век како и за религиските симболи и мотиви на современите банкноти и кованици. Зошто сметате дека тоа е важна тема и во денешно време?**

-Како колекционер и почитувач на нумизматиката, си поставив за задача и го прифатив предизвикот да го истражам и документирам присуството на религиозните симболи и мотиви на современите банкноти и монети. Во истражувањето ги користев примероците од сопст- вената колекција но и податоците од Националните банки на државите кои се достапни. Успеав да идентификувам над стотина држави кои како основен мотив на свои- те монети и банкноти имаат религиски симболи или мотиви, било во редовна циркулација или како комеморативни или пригодни примероци но и примероци каде не се носечки мотив, а се дел од симбол или безбедносна мерка.

**Што донесува втората книга за банкнотите, сертификатите и другите форми на плаќање во определени временски периоди?**

-Во однос на втората книга, Во периодот пред и за време на Втората светска војна како и по неа, се до крајот на 20.век, во циркулација на територии зафатени со воени дејства, повеќе држави имаат издадени повеќе банкноти,сертификати и други форми за плакања, а во книгата прикажав голем дел од нив. При создавањето на нови држави,како платежни средства се пуштани во употреба одредени валути кои јас ги нарекувам преодни, бидејки вообичаено се во функција за премостување на период до меѓународно признавање или функционирање на државата во полн капацитет, а посебно во периодот при крајот на Втората светска војна и при создавањето на новите држави како на пример при распадот на поранешната СФР Југославија.

**Која ви е идејата во однос на овие две книги, односно што сакате со нив да постигнете?**

Намерата ми е да дадам свој допринос кон приближувањето на пристапот на теоретските и практичните аспекти во однос на давање на насоки на новите истражувачи кои ќе работат на ваквата тематика но и придонес во насока на дефинирање на суштинските посебности на нумизматиката која тесно ги поврзува економијата, географијата, хералдиката, металургијата, политиката, уметноста и воената историја.

**Од каде љубовта кон историјата на платежните средства?**

Љубовта кон колекционерството и нумизматиката во мене је „всади" мојот татко Витомир кој знаеше со часови да ја средува својата колекција на банкноти и монети, но и постојано да се запознава со историските случки и личности и да го збогатува соето знаење и познавање и на тој начин да ја задоволи својата љубопитност и да ја поврзе со своето хоби-колекционерството. Јас само продолжив по тој пат но го поврзав и со моето образование како економист, а тоа ми покажа и ме упати кон нов поглед на банкнотите и монетите како платежни средства.

**Вие сте познат нумизматичар, колкава е вашата колекција и што посебно би издвоиле од неа?**

Првите примероци во мојата колекција ги добив од мојот татко пред околу 35 години.Тоа беше само почеток и со текот на времето успеав да дојдам до повеке од 3.000 кованици и банкноти од повеке од стотина земји и околу 700 години наназад. Сите банкноти и кованици ми се драги, а сум посебно задоволен што во мојата колекција ја имам и првата машински кована монета во светот потоа и банкнота од 50 долари издадена од страна на Конфедерацијата на почетокот на граганската војна во Америка како и првите банкноти издадени по 2. светска војна при формирањето на Југослвија како држава.

**Релевантни доктори на науки од областа на економијата и финансиите ви се рецезенти, тие со многу епитети ги фалат вашите две книги, дали тоа може да ви биде потстрек дека сте на вистинскиот пат па да очекуваме и други книги?**

Да, секако.Во подготовка се моите следни книги и се надевам дека во првата половина на следната година и нив ке имам можност да ги претставам на љубителите на нумизматиката.

**На кого овие две ваши книги најмногу би му биле од корист?**

Според Рецензиите што ги добив, вредноста на овие трудови лежи во тоа што ваквите научни истражувања се многу ретки од македонски автори во нашата историографија имајки предвид дека самата нумизматика се смета како една од поважните помошни исторски дисциплини. Многу внимателно настојував да темите бидат покриен со дадени извори и напишан со чист достапен стил каде што го подготвувам читателот за полесно разбирање на основниот текст кој следи, односно создава интерес за читање на целииот труд.

**Кој сé ви помогна да ги објавите книгите?**

Благодарен сум на семејството кое се потруди да овие книги бидат печатени и ставени на увид на љубителите на нумизматиката ,стручната и научна јавност и бидат бесплатно достапни.Благодарен сум и на НУ Универзитетск библиотека ,,Гоце Делчев", која ,преку Родокрајното оделение се појави како издавач на делата. Подршка добив и од Советот на Општина Штип, кој се потруди да го зголеми тиражот на книгите со цел да биде достапен до поголем круг на читатели.

# И селото Радање доби своја монографија, автор е Мите Тушев

И селото Радање доби своја монографија. Книга за селото на близу 300 страници ја напиша Мите Тушев кој во предговорот напиша:

„Да се напише монографија за една сеслка населба како што е селото Радање е една одговорна и не многу лесна работа поради фактот дека нема доволно документација за одредени страници од историјата, географијата, стопанството, културните настани и споменици на селото.

Идејата да се зафатам со пишување и објавување монографија за нашето Радање дојде спонтано. Разгледувајќи и читајќи многу монографии од разни краеви на нашата земја си реков дека е потребно и јас да се обидам да напишам монографија за нашето убаво Радање. Со овој мој труд симболично им се оддолжувам на сите жители на селото“, напиша Тушев во предговорот на монографијата.

Во ова интересна публикација за Радање може да се научат многу драгоцени работи. Од тоа како настанало селото, па Радање во периодот на Втората светска војна, семејствата во селото, животот во селото од 1960 до 1990 година, стопанството, културно-забавниот и спортски живот,ударничките акции на младината, верските празници, селски и семејни слави, Радање-село на учени луѓе, културно-историските споменици и чешмите во селото, раководителите од селото, младите луѓе, квиз натпреварите меѓу селата, Радање кога било општина и многу други интересни нешта.

Рецензентите на монографијата Весна Коловска, новинарка во радио Канал 77 и археологот д-р Митко Штерјов за книгата запиша:

-Пред нас е дело на обемна хронологија на настани, семејства и личности од Радање, село кое во историјата било дел од поголема околија, а во краток период и општина со свои органи на одлучување. Вредноста на делото е во вложениот напор на авторот да направи една ваква антологија каде, на едно место се наоѓаат податоци кои датираат од 1500-та година па се до денес.

Со оглед на малку достапните податоци авторот Мите Тушев специфично се задржува на првите пишани податоци за Радањње и луѓето кои потекнуваат од тука, преку периодот на населувањето на одделни семејства, времето на османлиското владеење, светските војни, иселувањето на турците од селото и новиот прилив на доселеници“, пишуваат рецензентите Коловска и Штерјов и додаваат:

-Низ фотографиите оние малку документи кои можат да се најдат е опишан животот во 1950-те години од минатиот век кога Радање го доживува и најголемиот процвет. Книгата е запис за улогата на младинската организација, за времето и годините кога селото имало над 200 ученици, за плејадата учители кои поминале во селото и дел од својот животен век, но и за сплотеноста, животот и заедничкото управување на селото преку селските одбори на Македонци, Турци, Власи...

Посебен дел имаат семејствата кои кои по азбучен ред се претставени се до денешните нови генерации. Секако, онолку колку што авторот успеал да дојде до податоци низ контактите во тие безмалку четири години колку што е создавана монографијата. Ова е вреден документ за секој кој потекнува од Радање и сака да знае повеќе за своите семејни корени“, запишаа авторите на рецензијата.




***Авторот Тушев***

***Во прашање е дело на обемна хронологија на настани, семејства и личности од Радање, село кое во историјата било дел од поголема околија, а во краток период и општина со свои органи на одлучување. Вредноста на делото е во вложениот напор на авторот да направи една ваква антологија каде, на едно место, се наоѓаат податоци кои датираат од 1500-та година па се до денес.***

# „Штип УГД“ втора година по ред го освојува Купот на Македонија

Штип станува центалната точка на македонската одбојка. Екипата на „Штип УГД“ по втор-пат последниве две години, го освојува Купот на Македонија во овој атрактивен спорт.

И годинава, на финалниот турнир одржан во салата „25 Мај“ во Радовиш, штипските одбојкари во финалната средба беа подобри од ОК Струмица која, до скора, важеше за непобедлива. Ако минатата година Штип УГД во финалето ги победи своите конкуренти од Струмица со 3:2, годинава победата беше убедлива со 3:0 во сетови.

Но, тоа не значи дека задачата на нашите одбојкари беше лесна, што може да се заклучи од конечниот резултат. Напротив, одбојкарите предводени од тренерот Кристијан Ристески одиграа еден мошне тежок натпревар.




„Екипата на ОК Струмица беше силно мотивирана. Сите сетови се играа рамноправно, се водеше голема борба за секој поен, гледачите можеа да видат многу атрактивни поени, а техничките грешки кои не беа мали најмногу се искажуваа на сервисите. На крајот одлучи она што е карактеристика за Куп натпреварувањето, моменталната инспирација која беше на наша страна“, рече Ристески.

За најдобар одбојкар беше избран Давид Стојанов од Штип УГД.

„Уште сум под големи импресии од играта, победата и освојувањето на купот. Секако дека сум презадоволен од големиот успех. Пред финалната средба си мислев дека тоа ќе биде потежок натпревар кој ќе трае подолго од само три сета, но, секако, среќен сум што успеавме да победиме на ваков начин, односно во само три сета кои ние ги добивме“, рече Стојанов.



Стојанов со признанието за МВП

Финалето во Радовиш го следеа и голем број навивачи од Штип, градот во кој одбојката, благодарение на успешните настапи на Штип УГД, станува се повеќе омилен спорт.

***СТОЈАНОВ*: „Уште сум под големи импресии од играта, победата и освојувањето на купот. Секако дека сум презадоволен од големиот успех. Пред финалната средба си мислев дека тоа ќе биде потежок натпревар кој ќе трае подолго од само три сета“.**

Со освоениот трофеј Штип УГД ќе игра во некој од европските купови што значи дека штипјани, во својот град, ќе имаат можност да гледаат и врвна европска одбојка.

# Марио Ананиев борач на БК Бучим е најдобар млад спортист од Источниот регион за 2024 година

***М НЕТ телевизија ги избра најдобрите млади спортисти од Источниот регион за 2024 година.***

И годинава регионалната М НЕТ телевизија ја реализира манифестацијата избор на најдобар млад спортист од Источниот регион за 2024 година. Манифестацијата ја има благородната цел да им оддаде признание за остварените резултати на спортските борилишта како и да им влее нова енергија на младите спортсти за уште поголеми спортски остварувања.




***Дел од наградените***

-Ова година овој избор беше регионален со опфатени **13 општини**, 11 од Источниот регион плус општините Радовиш и Конче**, а** конкуренцијата беше голема со пристигнати над 80 кандидатури, рекоа од М НЕТ телевизија.

„Што се медиумите без спорт и што би било со спортот без поддршката од медиумите? Ние како одговорен ТВ медиум будно ги следиме сите резултати на младите спортисти и уште еднаш апелирам до клубовите од Штип и целиот Источен регион да контактираат со нас за јавноста да може да дознае за сите успеси на младите спортисти што би можело да ги мотирива децата да ги покажат своите афинитети кон определен спорт“, порача директорот и главен и одговорен уредник на М Нет телевизија, Благој Серсемов. Ова манифестација беше поздравена и од градоначалникот на општина Штип, Иван Јораданов.

„М Нет е медиум којшто будно го следи секое постигнување и секој спортски напор којшто го вложувате вие но го вложуваат и сите спортисти од целиот регион и од целата наша држава. Нема поголемо задоволство од тоа еден спортски резултат да се проследи во јавност, да се сподели таа среќа и тоа задоволство со целата нација“, рече градоначалникот на Општина Штип Иван Јорданов.

Конкуренцијата беше голема на делба на третото место беа Марија Цветанова од боречки клуб Балканец од Штип и Љупче Михајлов од карате клубот Штип од Штип, кои добија плакети, медал и парична награда од по 3.000 денари од рудник Бучим и Боров Дол.

Исто така и за второто место конкуренцијата беше голема каде истото го поделија Филип Стојанов од карате клубот Партизан од Кочани и Душица Бреслиева од карате клубот Штип од Штип, кои добија плакети, медал и парична награда од по 6.000 денари од рудниците Бучим и Боров Дол.

Најдобар во изборот на М Нет телевизија за најдобри спортисти до 18 години за изминатата 2024 година во регионот е **Марио Ананиев** од боречкиот клуб Бучим од Радовиш, кој доби плаќета, медал и парична награда од 30.000 денари од рудник Бучим и Боров Дол.

„ Се заблагодарувам на телевизија М Нет за овој голем гест, кој ги следи младите спортисти. Вие сте единствени од македонските телевизии кои го следите не само борењето туку и сите спортови. Марио Ананиев е еден прекрасен талент кој потекнува од семејство од Киро Ристов како голем талент, неговиот талент го препознаа многу во нашата држава“, рече претседателот на БК Бучим, Владо Лазаров.

# ТР-МР




Размислува: Iv. BOJ

Ветеното подобро утре за Македонија
никако да дојде.
Сигурно патува со македонски железници.

.................................................................

Кога се делиме меѓусебно
ние само ја множиме
нашата несреќа.

.................................................................

Секогаш кога можеш оди бос по земјата.
Само така можеш да се поврзеш
со природата и од неа да ги
земеш сите позитивни елементи.

.................................................................

Ние гледаме само во минатото.
Сме биле антички, сме биле земја
од која постанал светот.
И додека живееме во минатото
иднината ни помина пред носот,
а ни не успеавме да ја забележиме.

.................................................................

Светот е пред нова светска војна.
На нас не е да коментираме
кој прв почнал
туку да направиме сé до војна да не дојде.

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | 1 | 3 | | | | 5 | | |
| 6 | | 7 | | | | | 2 | 4 |
| | 5 | | | 8 | | | 7 | |
| | 7 | 9 | | | | | | |
| | | 2 | | 9 | | | 4 | 3 |
| | | | | | 4 | | 9 | |
| | 4 | | | | 1 | 9 | | |
| 7 | | 6 | | | 9 | | | 5 |
| | | 1 | | | 6 | 4 | | 7 |




## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април,
2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 31.03.2025 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите .



| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Ш.Г. | Итал. фудбалер | Словеначка пејачка | Египет. владетел | Пражител на Италија | Золтан Илин | ***Амер. артист. (фотос)*** | Метар |
| | | | | | | Ирски фашизам | | | | | | | |
| | | | | | | Апсолутен суперлатив | | | | | | | Карактер (разгов.) |
| | | | | | | Земја оставена за пасиште | | | | | Коњ / Жител на САД | | |
| | | | | | | Вид стилска фигура | | | | | | | |
| | | | | | | Технич. нокаут (скр) | | | | Митолош. англиска кралица / Чарлс Олсон | | | |
| | | | | | | Северноамерикански сточари | | | | | | | |
| Ш.Г. | Франц. режисер Луј | Старогрчки бог на темнината | Ш.Г. | Херман Унгер | Модел на Даеву | Иво Патиера / Согласка | | | Револуц. Чопела / Дијагноза | | | | |
| Мејн | | | Вид дрога / Индонез. остров | | | | | | | Памучно предиво / Азот | | | |
| Лак (лат.) | | | | | | Сат. на Јупитер / Стар словен | | | | | | | Вид инсект |
| Нулта брзина кај возилата | | | | Вид горн. облека / Дата | | | | | | Стар човек (раз.) / Одбрано друштво | | | |
| Ш.Г. | Град во Германија / Еден од римските ридови | | | | | | | | | | | Согласка / Наредба заповед (мн.) | |
| Келвин | | Екс амер претсед. Џими / Приќе (мн.) | | | | | | | Жената на Тиндареј / Вид пита | | | | |
| Итал. политич. Џулијано | | | | | | Рескир (мн.) / Трагедија од Еврипид | | | | | | | Орган во устата |
| Револуц. Гули | | | | | Извештај за работа / Алуминиум | | | | | | Две согласки / Живеалиште | | |
| Килимар | | | | | | | | Хрв. арт. Свен / Град во Судан | | | | | |
| Грчка буква | | | | Еден од Битлсите Џон / Река во Австрија | | | | | | Град и река во Русија / Коле Ангеловски | | | |
| Земја од приказните | | | Сврзник / Грам | | Соли на сицилиувората киселина / Самогласка | | | | | | | | |
| Вид камен јаглен | | | | | | | Сад од една ока | | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

# СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ

*по најповолни цени...*



## НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22

www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA